**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-70/3**
**Скопје, 16.02.2007 година**

**ДО**
**МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР ВЕЛЕС**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена организација – Медицински центар Велес (во понатамошниот текст само Медицински центар) заклучно со 30.06.2005 година кои се прикажани на страните од 10 до 12.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на ЈЗО Медицински центар Велес за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

   › Д-р Марјан Спасовски - В.Д. Директор на ЈЗО Медицински центар Велес

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 10, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 12.10.2006 година до 08.11.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи и
   - дали законски се засновани побарувањата и обврските.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиски извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Јавната здравствена организација – Медицински центар Велес, е трансформирана и е пререгистрирана во судскиот регистар и тоа:

    - дел од Медицинскиот центар во кој се врши болничка здравствена заштита и ги исполнува условите по однос на просторот, опремата и кадарот како Општа болница, врз основа на Решение на Министерство за здравство број 13-10226/24 од 10.12.2004 година и
    - дел од Медицинскиот центар во кој се врши примарна здравствена заштита и ги исполнува условите по однос на просторот, опремата и кадарот како Здравствен дом, врз основа на Решение на Министерство за здравство број 13-10226/25 од 10.12.2004 година.

    Правните следбеници на Медицински центар Велес, Општа болница и Здравствен дом, во натамошниот текст само следбеници, извршиле делбен биланс во однос на просторот, опремата, кадарот, обврските и побарувањата и со дата 30.06.2005 година.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***11.1. Неправилна примена на акти:***

11.1.1. Медицински центар Велес нема обезбедено имотни (поседовни) листови за правата на недвижностите со кои располага и управува, спротивно на член 10, од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите. Истите се необезбедени, што придонесува Медицинскиот центар за евидентираните материјални средства да не располага со документација за доказ на сопственоста.

*Во текот на 2006 година доставено е барање од правните следбеници до надлежните институции за историјат на извршените промени на поседовните листови како и промена на култура и снимање на објектите кои се во сопственост на правните следбеници на Медицински центар.*

11.1.2. Управниот одбор на Медицински центар нема донесено финансиски план, што е спротивно на член 20 од Статутот, поради недобиено повратно известување од Фондот за планот и програмата за финансирање на здравствени услуги од средствата на задолжителното здравствено осигурување, што е спротивно на член 68 од Законот за здравствено осигурување. Истото има влијание на добро финансиско управување врз јасно утврдени буџетски цели.

**Препорака:** Правните следбеници на Медицински центар да вршат добро финансиско управување, согласно член 68 од Законот за здравствено осигурување и врз основа на тоа да се донесува финансиски план.

11.1.3. Управниот одбор на Медицински центар, ја извршувал функцијата со истечен мандат (на 07.02.2005 година), што е спротивно на член 19 од Статутот, поради неизвршен избор на членови од страна на основачот и интерни членови од страна на Центарот. Истото има влијание на донесување на деловни одлуки.

*Во текот на извршување на ревизијата донесена е Одлука за избор на внатрешни членови и поднесено е Барање до Владата на РМ за именување на надворешни членови на Управен одбор на правните следбеници на Медицински центар.*

11.1.4. Не е склучен Договор со Фондот за остварување на здравствената заштита, односно здравствените услуги, начинот на пресметување и плаќање на истите, причините и условите под кои може да се раскине договорот, што е спротивно на член 70 од Законот за здравствено осигурување и Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги.

*Превземена е иницијатива и поднесено е Барање за склучување договор до Фондот за 2005 година, по што не е добиено известување за склучување на договор* согласно член 70 од Законот за здравствено осигурување.

Поради тоа наплатата на здравствените услуги се врши авансно и тоа во износи за средствата потребни за исплата на плата, надоместоци и други материјални и тековни расходи од работењето, а не во висина на вистински извршените здравствени услуги.

11.1.5. Не е назначен одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи, поради неупатеност во законската регулатива, што е спротивно на член 16 точка 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на вршење контрола на трошењето средства согласно овој закон.

**Препорака:** Директорите на правните следбеници на Медицински центар да назначат одговорени сметководители за водење на деловните книги.

11.1.6. Ревизијата при увидот во документацијата за службено патување утврди одредени неправилности, што се во спротивност на одредбите од Законот на сметководството за буџетите и буџетските корисници и Статутот на Медицинскиот центар Велес кои можат да влијаат на оправданоста на искажаните трошоци и тоа:

- во патни налози не е опишана задачата која треба да се изврши,
- во патни налози нема време на поаѓање и враќање,
- не е поднесен извештај по извршеното службено патување,
- користење на сопствено возило е од едно лице, а не групно, спротивно на член 2 од Одлуката бр. 541/1 од 29.03.2000 година,
- не се приложува налог за користење на службени возила при раздолжување на вработените со сметки за набавка на гориво,
- -не е донесена одлука од страна на директорот за набавка на авионски билети.

**Препорака:** Вработените кои се упатуваат на службени патувања да постапуваат согласно постоечката законска регулатива и интерните акти, а одговорните работници да вршат контрола на истото.

### *11.2. Неправилна примена на сметководствените политики и начела:*

11.2.1. При пресметка на амортизацијата, стапките за амортизација на опремата се неправилно применети, што е спротивно на пропишаните со Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и номенклатурата на средствата, поради примена на старата номенклатура што влијае на реалното искажување на Материјалните средства во Билансот на состојба.

*Во текот на вршење на ревизија од страна на правните следбеници на Медицински центар превземени се мерки за корекција на истото..*

11.2.2. Не е воспоставена евиденција на донацијата на дијализери и столици за дијализа, доделена од страна на Холандската амбасада, што е спротивно на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Истите не се во употреба и се чуваат во Болницата, со цел да се користат како делови. Како резултат на тоа во сметководството не е дадена вредност за евидентирање на позицијата Материјални средства во Билансот на состојба.

**Препорака**: ЈЗУ Општа болница Велес да изврши попис и проценка на донацијата, со цел сметководствено евидентирање.

11.2.3. Не е изготвен акт за начинот на вреднување на залихите, спротивно на член од Статутот и одредбите на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради непочитување на законската регулатива и неприменување на Меѓународен сметководствен стандард Залихи. Истото има влијание на уредното сметководствено работење и на реални финансиски извештаи.

**Препорака:** Да се изготви акт за начинот на вреднување на залихите.

11.2.4. При плаќањето на обврските по фактури од добавувачите по книжни известувања од страна на Фондот, се раздолжуваат обврските на Медицински центар и истовремено се намалуваат побарувањата за извршени здравствени услуги од Фондот, без да биде запазено сметководственото начело на парично искажување на приходите и расходите, што е спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на реалното и објективното прикажување на билансните позиции.

11.2.5. Не е воспоставен систем за следење на залихата на медицински потрошен материјал и лекови по трошковни места-одделенија и контрола на набавките по количина и вредност, спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради невоспоставена евиденција на залихите по одделенија и има влијание на соодветно и навремено утврдување на потребата од набавки по количини согласно потребите и на наменско и законско трошење на истите.

**Препорака:** Да се воспостави соодветна контрола за следење на залихите по одделенија и на набавките по количини и вредност во согласност со утврдените потреби од јавните набавки.

11.2.6. При набавка од благајна по сметкопотврди ревизијата утврди неправилности, што се спротивност на постоечката законска регулатива, поради несоодветно воспоставена пракса на обезбедување и исплата на документација и има влијание на благајничко работење и тоа:

- не се приложени фискални сметки,
- не е наведена датата на сметкопотврдите,

**Препорака:** Благајничкото работење да се извршува во согласност со законската регулатива.

### 11.3. *Неправилности во искажувањето на приходите/расходите*

11.3.1. Во текот на 2005 година евидентирани се расходи за користење на службени мобилни телефони во вкупен износ од 214 илјади денари, без утврдување на правото на користење службени мобилни телефони и признавање на месечни трошоци за истите, поради погрешно воспоставена пракса за регулирање на истото и има влијание на можноста за ограничување и трошење на средствата.

**Препорака:** Да се донесе акт за за утврдување на правото на користење службени мобилни телефони и признавање на месечни трошоци за истите.

11.3.2. Извршено е приходување на евидентирани обврски спрема добавувачи за нефактурирани стоки, материјали и услуги во износ од 206 илјади денари, без одлука од Управен одбор, спротивно на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради незапазена процедура и има влијание на извршен отпис на обврски и приходување на истите без одлука од Управен одбор.

**Препорака:** Отписот на застарени, а неутужани обврски и приходувањето на истите, да се врши врз основа на Одлука од Управен одбор.

11.3.3. Ставките Други неданочни приходи и Административни такси и надоместоци во Билансот на приходи и расходи се нереално и необјективно искажани за износ од 804 илјади денари, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради погрешна сметководствена евиденција при сведување на наплатените побарувања од купувачи во земјата, според начелото на парично искажување, како приходи од минати години, наместо на соодветниот приход за кој се однесуваат.

**Препорака:** Сметководствената евиденција да се врши во согласност со Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

11.3.4. Ставката Други неданочни приходи во Билансот на приходи и расходи и ставката Обврски по долгорочни кредити во Билансот на состојба се нереално и необјективно искажани за износ од 135 илјади денари, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради погрешно сведување од пресметковно на парично искажување на уплатите за домување, што влијае на реалното искажување на финансискиот резултат.

**Препорака:** Сметководствената евиденција да се врши во согласност со Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

### 11.4. *Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

11.4.1. Ревизијата констатира неусогласеност на позицијата Постојани средства од Билансот на состојба со позицијата Извори на капитални средства за износ од 23.502 илјади денари, што е спротивно на член 19 Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, што има влијание на реалното искажување на позициите во Билансот на состојба.

**Препорака:** Правните следбеници на Медицински центар да извршат усогласување на евиденцијата на сметките, согласно законската регулатива.

11.4.2. Евидентирани се побарувања и обврски со старосна структура над три години за кои од страна на Медицински центар нема преземено мерки за наплата на побарувањата во вкупен износ од 10.410 илјади денари и исплата на обврските во износ од 3.317 илјади денари кои се застарени и не се отпишани, што е спротивно на Законот за облигациони односи, поради незапазување на законската регулатива. Истото има влијание на зголемување на процентот на ненаплативост на побарувањата и на целокупната финансиска состојба и реалното и објективно прикажување на обврските

*За дел од побарувања и обврските кои се застарени, ревизијата не дава препорака за отпис, бидејќи во 2005 година од страна на правните следбеници на ЈЗО Медицински центар е извршен отпис на истите.*

**Препорака:** Побарувањата кои не се утужени, а е поминат општиот рок за наплата, да се утврдат причините за непревземање мерки за наплата и да се превземат мерки за одговорност.

11.4.3. Медицински центар на крајот на пресметковниот период врши меѓусебно затворање на побарувањата (за извршени здравствени услуги) и обврските (по примени аванси) према ФЗО, без документ за спроведување согласно книжење, што е спротивно на Законот за сметководството за буџети и буџетските корисници, поради недобиен документ до крајот на пресметковниот период. Истото влијае на реалното искажување на билансните позиции.

**Препорака:** Сметководствената евиденција да се врши врз основа на уредна и веродостојна документација согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

11.4.4. Медицинскиот центар врши здравствени услуги, без комлетна документација за доказ на осигурувањето при приемот на лекување на физички лица кои имаат статус на здравствено осигурени лица, спротивно на член 27 од Законот за здравствено осигурување, поради неплаќањето на придонесот за здравствено осигурување од страна на работодавците. Од ваквиот начин на прием на пациентите евидентирани се ненаплатени побарувања од правните лица каде се вработени истите, во износ 345 илјади денари.

**Препорака:** Приемот на пациентите да се врши во согласност со одредбите од законот, а Фондот да утврдува од кои осигуреници редовно не е уплатувано или уплатата задоцнила повеќе од 60 дена.

11.4.5. Ревизијата не можеше да се увери во веродостојноста на евидентираните Други краткорочни побарувања, што е спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради тоа што во Договорот за Закуп од 21.05.1992 година и Анекс договорот од 05.09.2000 година висината на закупнината е изразена во валута (Германска марка) која не се користи како платежното средство во Република Македонија.

**Препорака:** Да се изврши измена во договорот за закуп и искаже во конвертибилна валута, со денарска противвредност.

11.4.6. Вкупно предвидените расходи по предлог планот доставен до Фондот со финансиски и други податоци за 2005 година не опфаќа расходи за надмирување на заостанати обврски кон добавувачите од минати години, кои на 01.01.2005 година изнесуваат 106.859 илјади денари, спротивно на член 26 од Законот за буџетите, поради нереално планирање. Истото влијае на исплата на обврските.

**Препорака:** Правните следбеници на Медицински центар во рамките на Финансискиот план да ги опфатат расходите за надмирување на заостанати обврски кон добавувачите од минати години.

11.4.7. Позицијата Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства е нереално и необјективно прикажана во износ од 2.784 илјади денари, поради евидентирани акции од АД Порцеланка Велес, кои немаат реална вредност бидејќи субјектот од кој се издадени е во стечај, а во доставениот допис од Централниот депозитар за хартии од вредност, е наведено дека сметката на издавачот на хартии од вредност над кој е отворена стечајна постапка се отстрануваат од активниот систем на Депозитарот, и субјектот (правниот следбеник на Медицински центар Велес) повеќе не е акционер во наведеното друштво.

**Препорака:** Директорите на правните следбеници на Медицински центар, да формираат комисија за утврдување на состојбата за горенаведената позиција и да превземат мерки во однос на истата.

### 11.5. *Ненаменско и незаконско користење на средства:*

*11.5.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со финансискиот план и спротивно на законските прописи.*

11.5.1.1. Од ставката Договорни услуги во Билансот на приходи и расходи исплатени се средства во вкупен износ од 2. 484 илјади денари по основ ангажирање на лица за извршување на работи и работни задачи од работен однос, без одлука од Управен одбор и по стари договори, спротивно на член 20 од Статутот и на Законот за работни односи, поради потребата за извршување на работни задачи предвидени во систематизација на работни места. Непочитувањето на законските прописи, предизвикува незаконско користење на средства и неможност на ангажираните лица за остварување на права од работен однос.

**Препорака:** Правните следбеници на Медицински центар ангажирање лица за работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос да вршат согласно постоечката законска регулатива, Статутот и интерните акти и во соработка со Министерство за здравство и Министерството за финансии.

11.5.1.2. Медицински центар за извршените систематски прегледи, во износ од 330 илјада денари, нема склучено Договори со правните лица, што е спротивно на одредбите од Законот за облигациони односи, поради погрешно воспоставена пракса на вршење прегледи без договори. Истото влијае на наплатата на побарувањата.

**Препорака:** ЈЗУ Здравствен дом Велес како правен следбеник на Медицински центар, кој од 01.07.2005 врши систематски прегледи на вработение кај правните лица, да се склучаи договори со истите.

*11.5.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

11.5.2.1. Не е склучен договор за извршување на групна набавка со Фондот, а набавката се врши врз основа на доставен Преглед на склучени договори за испорака на лекови и медицински материјали помеѓу Фондот и добавувачите, кој не содржи податоци за количината на лекови и медицински материјали кои може да се набават во тековната година, што е спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки, поради несоодветна примена на законската регулатива. Со овој начин на набавки на Медицински центар му се

овозможува да врши набавки без ограничување, а со тоа да создава обврски над реалните потреби.

**Препорака:** Правните следбеници на Медицински центар да воспостават пракса на склучување договори за групна набавка со Фондот.

11.5.2.2. Утврдени се неправилности при јавните набавки во вкупен износ од 10.201 илјади денари, што се во спротивност на Законот за јавни набавки, поради поради почнати, а ненавремено завршени постапки за јавни набавки со отворен повик и неспроведени постапки од мала вредност.

11.5.2.3. Ревизијата може да констатира дека не спроведување на постапка за јавна набавка на храна за болни, согласно Законот за јавни набавки, придонесува набавките да се вршат по малопродажни цени, кои се повисоки од цените на големо, а имајќи ја предвид големината на набавка на храна за болни како краен ефект е потрошен поголем износ на средства за оваа намена и е овозможено на добавувачите да се стекнат со материјална корист.

11.5.2.4. Вршени се набавки на стоматолошки потрошен материјал по цени и видови кои не се во согласност со понудите од избраните понудувачи по спроведена постапка од мала вредност, што е спротивно на Законот за јавни набавки, поради несоодветно извршени набавки и има влијание на вршење несоодветни набавки.

11.5.2.5. За дел од спроведените постапки за јавни набавки ревизијата констатира определени неправилности, што се во спротивност на Законот за јавни набавки, поради незапазување на законската регулатива и истото влијание на вршење несоодветни набавки и на можноста за контролата на спроведените постапки за јавна набавки и тоа:

- не се склучени договори со најповолните понудувачи или се ненавремено склучени, што е спротивно на Одлуките за јавна набавка,
- документацијата за економско финансиската и техничката способност на понудувачите не е заверена согласно законот и не е сочувана.

11.5.2.6. Извршено е опремување на Специјалистичката амбуланта за ортодонција “Ташевиќ” со средства од Фондот, сопствени и од донатори (докторите стоматолози) со што е извршена набавка на стоматолошки столови за потребите на докторите пред приватизација, со постапка за набавка од мала вредност на стоматолошки столови во износ од 174 илјади денари и 59 илјади денари за дополнителна опрема или вкупно 233 илјади денари, со што се надминува набавката од мала вредност и е спротивно на постоечката законска регулатива.

*Неспроведувањата на постапки за јавни набавки, како и несоодветно спроведените постапки создаваат можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени добавувачи и набавки по зголемени цени.*

12. Според наше мислење освен за изнесеното во точката 11.2, 11.3 и 11.4. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на ЈЗО Медицински центар Велес на ден 30 јуни 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применетата законска регулативата која важи во Република Македонија.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1, 11.2, 11.3, 11.4 и 11.5 кај ЈЗО Медицински центар Велес на ден 30 јуни 2005 година остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

14. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.2.4, 11.3.3, од 11.4.2. до 11.4.5. и 11.5.1.2. побарувањата и обврските кај ЈЗО Медицински центар Велес на 30 јуни 2005 година, се законски засновани, согласно регулативата што важи во Република Македонија.

15. **Прифатени и корегирани неправилности во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

*15.1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

15.1.1. Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на правните наследници на Медицински центар пуштени се налози за реално прикажување на билансните позиции, односно извршено е прекнижување/докнижување во вкупен износ од 272.848 илјади денари, согласно одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа кај ЈЗУ Општа болница 136.654 илјади денари и ЈЗУ Здравствен дом 136.194 илјади денари

16. **Судски спорови чие решавање зависи од идни настани кои можат да влијаат врз финансиските извештаи**

- Судски спорови во кои ЈЗО Медицински центар Велес се јавува во својство на тужител за ненаплатени побарувања и истото ќе има влијание на финансиските извештаи на правните следбеници на ЈЗО Медицински центар Велес, во вкупен износ од 3.070 илјади денари

- Судски спорови во кои ЈЗО Медицински центар Велес се јавува во својство на тужен и истото ќе има влијание на финансиските извештаи на правните следбеници на ЈЗО Медицински центар Велес, во вкупен износ од 15.290 илјади денари

- Пријава на побарување во стечајна маса на должникот АД Лозар – Извор Велес, во износ од 159 илјади денари

- ЈЗО Медицински центар Велес во периодот од 2001/02 година заклучно со 30.06.2005 година, има примено повеќе аванси отколу што извршил здравствени услуги и истите се евидентирани по прифатени корекции во текот на ревизијата на обврски по примени аванси кон Фондот, а се резултат на евидентирани цесии со Фондот и добавувачите по кои се водат судски спорови. Со завршување на судските спорови треба да се изврши и расчистување на повеќе примените аванси.

**Скопје, 14.02.2007 година** **Овластен државен ревизор,**

**ЈЗО Медицински центар Велес**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ДО 30.06.2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 6,483 | 0 |
| Трансфери и донации | 143,674 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **150,157** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 99,523 | 0 |
| Стоки и услуги | 59,936 | 0 |
| Каматни плаќања | 54 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **159,513** | **0** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 642 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **642** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **160,155** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **(9,998)** | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **(9,998)** | **0** |

**ЈЗО Медицински центар Велес**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 30.ЈУНИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 30.06.2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 25 | 0 |
| Побарувања | 65,505 | 0 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 3,351 | 0 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 19 | 0 |
| Побарувања од вработените | 284 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 377,620 | 0 |
| Залихи | 12,010 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **458,814** | **0** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 131,413 | 0 |
| Материјални средства | 193,912 | 0 |
| Материјални средства во подготовка | 33 | 0 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 12,815 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **338,173** | **0** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | **36,053** | **0** |
| **Вкупна актива** | **833,040** | **0** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 107,014 | 0 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 278,957 | 0 |
| Краткорочни финансиски обврски | 1,554 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 270 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4,866 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 14,065 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 53,296 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **460,022** | **0** |
| **Долгорочни обврски** | **0** | **0** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 361,032 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **361,032** | **0** |
| **Извори на други средства** | **11,986** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **833,040** | **0** |

**ЈЗО Медицински центар Велес**

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА НА 30.06. 2005 ГОДИНА**

| | | | **во 000 денари** |
|---|---|---|---|
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
| **Состојба на промените на материјалните средства и залихи на 01.01.2005 година** | 333,114 | 12,632 | 345,746 |
| книжења кои не се однесуваат на промените на материјалните средства поради примена на пресметковен начин на евидентирање | 27,374 | 163 | 27,537 |
| **Состојба 01.01.2005 година** | **360,488** | **12,795** | **373,283** |
| **Зголемување по основ на:** | **3,057** | **32,627** | **35,684** |
| Набавки | 3,123 | 32,846 | 35,969 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | (66) | | **(66)** |
| книжења кои не се однесуваат на промените на материјалните средства поради примена на пресметковен начин на евидентирање | | (219) | **(219)** |
| **Намалување по основ на:** | **14,685** | **33,250** | **47,935** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 10,823 | | 10,823 |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | (10) | | (10) |
| Издадено од залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност | | 33,468 | 33,468 |
| книжења кои не се однесуваат на промените на материјалните средства поради примена на пресметковен начин на евидентирање | 3,872 | (218) | 3,654 |
| **Состојба 30.06.2005 година** | **348,860** | **12,172** | **361,032** |